МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и Правилникот за систематизација на работни места на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија бр.01-2083/4 од 24.04.2020 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.01-2083/21 од 14.10.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.02-1517/3 од 31.03.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.02-7181/6 од 09.12.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.02-3153/5 од 30.05.2023 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.02-5230/3 од 18.09.2023 година, како и член 5 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2 од 13.11.2020 година, Директорот на МРТ распишува:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-1121/1
03.10.2023 год
СКОПЈЕ

## ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.11/2023

За пополнување на работно место со унапредување на 1(еден) давател на јавна услуга и помошно-технички лица во ЈРП Македонска радио-телевизија

ЈРП Македонска радио-телевизија објавува интерен оглас за унапредување на 1(еден) давател(и) на јавна услуга и помошно-технички лица за следното работно место:

**1. ИНФ 03 04 А02 003 – Раководител на сектор за Логистика, Сектор за Логистика, Заеднички функции и администрација – 1 (еден) извршител**.

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-Високо образование - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; (Машинство, електротехника или организациони науки на управување (менаџмент)).
-најмалку три години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда;
-активно познавање на еден светски јазик.

Неделното работно време на Раководител на сектор се утврдува со работните задачи кои одговараат на полното работно време од 40 часа неделно.
Паричен нето износ на плата: 50.438,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави вработен во ЈРП МРТ, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ како и :

- да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на работно место во МРТ; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку Архивата на МРТ до Сектор за управување со човечки ресурси со назнака „за интерен оглас број 11/2023„.

Рокот за доставување на пријавите со доказите трае 7 (седум) дена од денот на објавување на интерниот оглас на огласната табла на МРТ и на ВЕБ страната на ЈРП МРТ.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведува Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈРП МРТ.

Комисијата за селекција за унапредување до Директорот на МРТ ќе достави предлог-одлука за избор на кандидат.

Интерниот оглас ќе биде објавен на огласната табла на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ
Марјан Цветковски